ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CUK.GOV.MK ▪ 195 ▪ CUK.MAIL@CUK.GOV.MK

# БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

## ЈУЛИ – АВГУСТ 2019



## Презентација на NICS системот за управување со инциденти

**Во организација на Центарот за управување со кризи и НАТО на 3.7.2019 година во хотелот Александар Палас во Скопје, се одржа Конференција „Дигитализација на системот за управување на кризи“ на која беше претставен NICS – следната генерација на систем за управување со инциденти во Република Македонија.**

**Целосна дигитализација на системот за управување со кризи во државата ќе овозможи имплементацијата на NICS – Next Generation Incident Command System – NATO SPS Projekt (Следна генерација на Систем за управување со инциденти), проект обезбеден со поддршка од САД и НАТО.**

**Пред присутните, свое обраќање имаа премиерот Зоран Заев, помошникот генерален секретар на НАТО за новите безбедносни предизвици, Антонио Мисироли, директорот на ЦУК, Агрон Буџаку, професорот на Универзтетот МИТ во Масачусетс САД, Грегори Хоган и ко-директорот на NATO SPS Project Урим Вејсели.**

**Директорот на ЦУК, м-р Агрон Буџаку истакна дека со овој голем проект се унапредува целиот систем за управување со кризи со модерни технологии и тоа благодарение на НАТО кој на овој начин покажува дека не е само Алијанса за класична сигурност и безбедност, туку Алијанса која се грижи и за безбедноста и сигурноста на граѓаните, а во која се надевема дека ќе станеме наскоро 30-та членка.**

**Во иднина ЦУК ќе изврши обука на локално ниво како да се примени овој систем со кој во секој момент сите институции ќе имаат увид со помош на модерната технологија и интернетот на ситуацијата во местата каде има несреќи.**

**NICS апликацијата претставува дигитализација на Системот за управување со кризи и овозможува командување со ангажираните ресурси (единици, тимови и МТС) во рамките на секоја институција од Системот за управување со кризи, меѓуресорска координација, соработка и комуникација помеѓу институциите ангажирани на справувањето со инцидентите, кризите и кризните состојби, и размена на податоци и информации (текст, слика и видео содржина) во реално време.**

**Целосната имплементација на NICS проектот, како што беше усвоено на 141. седница на Владата, треба да се реализира до 1 декември 2020 година, што практично значи дека Република Северна Македонија како 30-та членка на НАТО, ќе има имплементиран современ дигитален систем за управување со кризи. Досега со обука за примена на системот се опфатени 552 лица од институциите кои седел од системот за управување со кризи.**

## Работен состанок со претставници на Канцеларијата на УНХЦР



На ден 19.07.2019 година, во Центарот за управување со кризи се одржа работен состанок со претставници на Канцеларијата на УНХЦР г-ѓа Моника Сандри и г-дин Тихомир Николовски. Директорот на Центарот за управување со кризи м-р Агрон Буџаку изрази задоволство за долгогодишната континуирана соработка и меѓусебна поддршка особено за време на бегалската криза од почетокот на 2015 година до сега. На состанокот беа споделени информации за моменталната состојба за транзитирање и престој на мигранти/бегалци во државата, како и изнаоѓање начини за поефикасно функционирање на прифатните центри на јужната и северната граница на Република Македонија.

Овој голем предизвик со кој се соочува Република Северна Македонија бара заедничка координација и одговорност, поради што соработката со националните, меѓународните, невладините и хуманитарните организации е особено важна при справување со мигрантска криза која има хуманитарен аспект. Во врска со тековната бегалска криза, државните органи на Република Македонија потврдија дека ги следат европските вредности и политики на ОН.

## ЦУК учествуваше на финалната координативна конференција за вежбата “Joint Reaction 19“



Во периодот од 16-19.07.2019 година, Центарот за управување со кризи со свој претставник зеде учество во Финалната координативна конференција за вежбата “Joint Reaction 19“ која се реализира во Тирана, Р. Албанија.

„Joint Reaction 19“ е компјутерски асистирана вежба за регионална помош при справување со итни ситуации и воедно теренска вежба која ќе се реализира во периодот од 21-24.10.2019 година.

Покрај претставникот од Центарот на конференцијата од Република Македонија учествуваа и лица од: Министерството за одбрана, Армијата и Дирекцијата за заштита и спасување. Од регионот претставници имаше од следните држави: Босна и Херцеговина, Косово, Хрватска и Црна Гора.

## Работилница за утврдување на концептуалниот дизајн на системот за итни повици Е-112



На 25 и 26 јули во просториите на Центарот за управување со кризи се одржа работилница за утврдување на концептуалниот дизајн на системот за итни повици Е-112. Целата активност е во рамките на започнатиот проект на Центарот за управување со кризи за воспоставување и имплементација на европскиот број за итни повици Е-112 во Република Северна Македонија.

Со утврдување на коцептуалниот дизајн на системот за итни повици Е-112 беше разговарано за: Основниот процес на обработката на податоци на системот, Системската архитектура за Е-112, Функции на системот кои се важни за организациите-корисници, Примање на повиците и креирање на инциденти, Управување со инциденти, Подготовки на субјектите кои ќе бидат корисници на системот и задачи и одговорности на субјектите учесници и корисници како и други појавени карактеристики и состојби.

На работилницата присуствуваа одговорните и избрани претставници од субјектите – корисници на системот Е-112, како што се Центарот за управување со кризи, Министерството за внатрешни работи, претставник од Град Скопје во името на Бригадите за ПП заштита и Министерството за здравство.

Работилницата е во организација на претставниците од Унгарската компанија „Bonumstrat Consulting“ која беше избрана за најповолен понудувач на јавниот меѓународен тендер за подготовки и организација на имплементацијата на Е-112 во Република Северна Македонија.

## Невреме во преспанскиот регион

**ЦУК, 10.07.2019 - Невреме со силен дожд и ветер вечерва околу 19 часот ја зафати општината Ресен и предизвика штети во с.Крани и автокампот „Крани“, како и во Претор и Наколец. Од невремето има паднати дрвја, бандери и во прекин е и електричната енергија. Во автокампот има паднати дрвја врз камп приколки и истите се оштетени. Луѓето кои престојувале во нив се згрижени кај соседите. Нема повредени. Од невремето зафатени се и селата Долно Дупени, Сливница и Љубојно. Во село Љубојно има паднати дрвја од кои има оштетени куќа и автомобил, а во село Наколец паднато дрво го препречило локалниот пат кон ова село. Сите овие села: Долно Дупени, Крани, Сливница, Претор, Љубојно, Наколец се без ел.енергија. На терен се испратени припадници на МВР ПС Ресен и ТППЕ – Ресен кои работат на расчистување на патот. Известени се ЕЛС – Ресен и останатите надлежни институции.**

## Состојба по врнежите од дожд до 08:00 ч. 11.07.2019

**ЦУК, 11.07.2019 - Во невремето кое го зафати реонот на Долна Преспа (општ. Ресен), околу 18:30 часот, најпогодени беа селата Крани, Долно Дупени, Љубојно, Наколец, Стење, Претор и Штрбово. Од невремето проследено со многу силен ветер и дожд оштетени се покриви, автомобил, од паднати дрвја во авто кампот „Крани“ оштетени биле камп приколки, паднати дрвја ги препречиле некои од локалните патни правци, а има и штети на овоштарници и други култури. Оштетена е и елелктричната мрежа (паднати бандери, скинати ел.водови).**

**Веднаш на терен излегле екипи на МВР, ТППЕ Ресен и Македонија Пат кои работа на расчистување и оспособување на патните правци за сообраќај (расчистени се и оспособени сите патни правци и пристапни патишта кон селата). Екипи на ЕВН Македонија работат на отстранување на дефектиите и нормализирање на снабдувањето со електрична енергија на овој реон. Нема пријавено повредени лица.**

**Исто така, во текот на ноќта, југоисточниот дел од општина Охрид бил зафатен од невреме последено со силен ветар. Во селата Трпејца и Лабуништа, како и во комплексот „Св.Наум“ имало паднати дрвја, а направена е и материјална штета на еден угостителски објект во с.Трпејца, како и во комлексот Св.Наум каде е оштетен кров на еден од објектите во комлексот. Во невремето нема повредени лица. Дел од населените места сеуште се без напојување со електрична енергија, а екипи на ЕВН работат на отстранување на дефектите.**

## Последици од невремето во Преспа на 10.07.2019

**ЦУК, 12.07.2019 - На ден 10.07.2019 година, подрачјето на долна Преспа, селата на потег од с.Долно Дупени до с.Сливница биле зафатени од невреме кое било проследено со ветар со голема брзина и интензивни врнежи од град. Последиците од невремето биле паднати голем број на ореви, тополи и други дрвја а некои од нив ги попречиле локалните патишта. Исто така како последица од силниот ветер биле паднати и голем број на електрични столбови заради што подрачјето останало без електро снабдување, кое ќе претставува проблем и во наредните денови за населението, заради одржување на прехранбените артикли во фрижидерите. Без електична енергија се селата на потегот од с.Асамати до с.Долно Дупени и од с.Лескоец до граничниот премин. Екипите од повеке субјекти работаат на отклонување на штетите во автокапот Крани додека во останатите села зафатени од невремето месното население се справува со настанатите штети.**

### Одрон на патниот правец Кочани - Делчево

**ЦУК, 12.07.2019 - На ден 11.07.2019 година, на патнот правец Кочани - Делчево после с.Истибања кај рибникот Саваро има паднато поголемо количество на камења и земја. Патот е во прекин, а екипа на Македонија Пат и денес ќе работат на негово расчистување**

## Спасена девојка падната во провалија во Прилепско

**ЦУК, 16.07.2019 - Утрово околу 07:22 часот во место викано „Казанташ“ на Селечка Планина, општина Прилеп во провалија паднала девојка која се здобила со скршеница на нога и други повреди. Поради непристапен терен и тежина на повреденото лице екипата од ТППЕ Прилеп не беше во можност лицето да го транспортира до возилото на Итна медицинска помош, заради што беше побарана интервенција со хеликоптер. Околу 11:25 часот со хеликоптер на МВР повредената девојка е пренесена во општата болница во Прилеп. Целосната активност е спроведена од страна на ТППЕ Прилеп, МВР Прилеп, Итна медицинска помош од Прилеп, РЦУК Прилеп и ЦУК.**

## Пронајдени странци изгубени во близина на манастирот Трескавец

**ЦУК, 28.07.2019 - Од ПС Прилеп известуваат дека во текот на вчерашниот ден во 16:55 часот беше пријавено дека се изгубени двајца странски државјани - брачен пар од Белгија. Истите беа пронајдени во близина на манастирот Трескавец од страната накај с.Дабница. Лицата не беа повредени. Двете лица биле пешки во посета на манастирот Трсекавец, но на враќање го погрешиле патот и се изгубиле (наместо кон Прилеп се упатиле во правец накај село Дабница) и побарале помош од ПС Прилеп, кои испратиле екипа која за релативно кратко време успеа да ги пронајде**

## Пожари на отворен простор 07.08.2019

**Од БППЗ на град Скопје известуваат дека интервенирале на пожарот на потегот над с.Варвара (опш.Студеничани). Известени се и од ШС Карацица. Пожарот е активен.**

**Пожарот во атарот на кумановското с.Орашац е сеуше активен. Гори нискостеблеста шума, лозја и сува трева. ТППЕ-Куманово во текот на ден 06.08.2019 година интервенирале со 2 ПП возила и 9 пожарникари. И денес од страна на ТППЕ-Куманово ќе бидат испратени две екипи на терен за да продолжат со гаснењето на активниот дел на пожарот.**

## Пожар на отворен простор 08.08.2019

**Од БППЗ на град Скопје известуваат дека пожарот на потегот над с.Варвара (опш.Студеничани) сеуште е активен и дека истите не можат да интервенираат поради непристапен терен.**

**Од ТППЕ Куманово известуваат дека пожарот во атарот на с.Орашац е изгаснат во 02:45 часот на ден 08.08.2019 година. Опожарена е поголема површина на нискостеблеста деградирана шума и сува трева. Интервенирале екипи на ТППЕ Куманово, како и вработени во ШС Куманово.**

## Пронајдена странска државјанка изгубена во близина над с. Нижополе

ЦУК 09.08.2019 - Во текот на вчерашниот ден (08.08.2019), околу 13.30 часот, во НП Пелистер некаде над с.Нижеполе е изгубено 25 годишно женско лице (холандска државјанка). Од страна на ПОРКОА РЦУК Битола веднаш е известена ДЗС ПО Битола. Стапено е во контакт со странската државјанка која била во релативно добра состојба. Во 14:30 часот ДЗС ПО Битола од тимот за спасување во планински услови испратиле две лица, а на терен ќе биле присутни и двајца вработени од ДЗС Битола, како и две лица ренџери од ЈП НП Пелистер Битола. Лицето е пронајдено во 15:10 часот од страна на ренџерите на НП Пелистер Битола веднаш потоа пристигнале и екипата на ДЗС Битола. Странската државјанка имала повреда на коленото но била во добра здраствена состојба и е префрлена до местото каде што престојува.

## Пожар на отворен простор 09.08.2019

**Штипски регион - Пожарот кој избувна на локација стар пат с.Бели - Пониква - м.в.Побиен камен на 03.08 а беше изгаснат на 04.08 и зафати борова шума, повторно е активиран на ден 08.08.2019 година. Пожарот се шири во правец на селата Бели и Лешки и зафатил голема површина со борова и багремова шума. Во текот на ден 08.08.2019 година интервенирале екипи на ТППЕ-Кочани, ШС „Осогово“ - Кочани, ТППЕ-Виница, КЈП „Водовод“ - Кочани и МВР ПС-Кочани. Сообраќајот на патниот правец с.Бели – Пониква е регулиран од ПС Кочани во двата правци и се одвива во отежнати услови со чад. Досега нема информации за опожарени или оштетени викендици или други објекти.**

**Од утрово (09.08.2019г.) на шумскиот пожар на локација с.Бели-Пониква се излезени екипи на ТППЕ-Кочани и ТППЕ-Виница. Се очекува ТППЕ-Каменица, ТППЕ-Штип и ШС „Осогово“-Кочани во текот на денот да се вклучат со свои ресурси во гаснење на пожарот. Помош во текот на денот очекуват да добијат од соседните ШС. За денес (09.08.2019г.) е побарана интервенција на воздухоплови. Во 07.00 часот, Градоначалникот на Општина Кочани на локацијата на пожарот, закажа одржување на состанок на Кризниот штаб со надлежни субјекти, кои ќе се ангажират за негово гаснење.**

## Воведена делумна забрана за движење во шумите

**Од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство известуваат дека на ден 09.08.2019 година е воведена делумна забрана за движење во шумите со кои стопанисува ЈП Национални Шуми со оглед на зголемената опасност од појава на пожари на отворен простор. Забраната започнува да важи од 09.08.2019 година и ќе трае се до нејзино отповикување.**

## Целосно локализиран пожарот на локацијата стар пат с.Бели - Пониква - м.в.Побиен камен

**ЦУК, 10.08.2019 - Од ТППЕ Кочани известуваат дека шумскиот пожар кој започнал на ден 08.08.2019 година, на локацијата стар пат с.Бели - Пониква - м.в.Побиен камен, во периодот од 14:30 до 15:00 часот на ден 09.08.2019 година целосно е локализиран. За неговото локализирање интервенирале: екипи на ТППЕ Кочани, ТППЕ-Виница, ТППЕ-Штип, ТППЕ-Каменица, ШС „Осогово“-Кочани,: ШС „Виница“, ШС Берово и Пехчево, ШС Гевгелија и Шумско стопанство Кавадарци. Исто така биле ангажирани КЈП „Водовод“- Кочани и ЛС Кочани. Воздухопловите од ДЗС кои беа најавени дека ќе се ангажират околу 09:00 часот, поради поволниот развој на состојбата се откажани.**

# СОСТОЈБА СО ПОЖАРИТЕ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР

## Состојба со пожарите на отворен простор 12.8.2019

**Пожар во атар на Белица помеѓу Кичево и Демир Хисар. За настанатата состојба се известени сите надлежни институции од страна на РЦУК Кичево. На терен во моментот е замината екипа од ШС Лопушник од Кичево.**

**Пожарот на планина Кожуф - м.в.Исирова пресека, општина Гевгелија во моментот е под контрола. Во контрола на теренот се ангажирани 9 лица од ШС Кожуф од Гевгелија.**

**Пожарот во реонот на с.Грчиште - м.в.Погана - Солиште, општина Валандово е под контрола, на теренот се ангажирано 8 лица од ТППЕ Валандово и ШС „Саланџак“ Валандово.**

## Активен пожар во охридскиот регион

**ЦУК, 13.08.2019 - Во охридскиот регион, од пладне на ден 11.08.2019 година во м.в.Краста-Бигори западно од с.Велмеј гори нискостеблеста деградирана шума, смрека и сува дрвна маса од поранешно сечиште. На ден 12.08.2019 година интервенирале вработени од ШС Галичица, ТППЕ Охрид, претставници на РЦУК Охрид и ДЗС Охрид, ЛС Дебарца. Од 14,30 дејствувале 2 авиони на ДЗС кои до 16,30 часот извршија 10 авио налети. На терен во текот на ноќните часови останала дежурна екипа ШС Галичица Охрид. Пожарот е активен.**

## Состојба со пожарите на отворен простор 14.08.2019

**Охридски регион - Пожарот кој започан на ден 11.08.2019 година на место викано м.в.Краста-Бигори западно од с.Велмеј е сеуште активен. Со пожарот зафатена е нискостеблеста деградирана шума, смрека и сува дрвна маса од поранешно сечиште. Во гаснењето на пожарот интервенирале вработени од ШС Галичица, Комунално Охрид, Нискоградба Охрид и ТППЕ Охрид. Пожарот кој започнал на ден 12.08.2019 година кај село Белица, општина Кичево е ставен под контрола. Во текот на денот во гасењето на пожарот интервенирале вработени од ШС Лопушник и 6 дотурачи и сечачи на дрва. Од пожарот изгорени се 1.5 хектари на дабова шума. Изгорени се и огревни фигури (20 кубици исечени дрва). Според последните информации гори само во внатрешноста на опожареното место.**

**Струмички регион - Од ТППЕ Гевелија известуваат дека пожарот кој започнал на 09.08.2019 година кај м.в.Исирова е ставен под контрола. Во текот на денот во негово гаснење интервенирале 5 пожарникари со 1 ПП возило.**

## Состојба со пожарите на отворен простор 15.08.2019

**Охридски регион - Од ТППЕ-Охрид известуваат дека нивни екипи интервенирале на шумски пожар во атарот на село Велмеј, каде гори нискостеблеста деградирана шума и смрека. Пожарот сеуште е активен. Пожарот во атарот на с. Волино сеуште е активен. Во текот на вчерашниот ден од страна на ШС Галичица, ТППЕ-Охрид, и други јавни установи како и дел од месното население учествуваа во гасење на пожарот. Исто така авионите на ДЗС од попладнето во 10 налети дејствуваа во гасење на пожарот, но поради силниот ветар гасењето на пожарот беше отежнато. Немаше опасност пожарот да навлезе во селото, а екипи на ШС Галичица и ТППЕ-Охрид во текот на ноќта го контролираа опожарениот простор.**

## Пожарот западно од с. Велмеј ставен под контрола 16.08.2019

**Пожарот во м.в. Краста - Бигори западно од с.Велмеј е ставен под контрола. Во гаснењето на пожарот учествуваат 54 вработени од ШС „Галичица“, ТППЕ Охрид со 2 ПП возила и 7 пожарникари и 10 вработени од „Ниско Градба“ Охрид.**



## Одржана седница на Главниот штаб

16.08.2019 - Денес, во ЦУК се одржа седница на Главниот штаб за управување со кризи на која беше разгледана состојбата со пожарите во земјава изминатиов период, како и подготвеноста на институциите кои се надлежни за справување со пожари. Исто така, се дискутираше и за активностите кои во изминатиот период беа преземени од страна на надлежните институции, како и за воочените слабости со кои се соочуваа субјектите на Системот за управување со кризи, при справување со пожари на терен. Со цел надминување на истите, а и поради високите температури и зголемениот ризик од пожари, во наредниот период ќе се преземат соодветни мерки и активности за навремено координирање и ефикасно справување со пожари на отворен простор. Со седницата раководеше директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку. Инаку, според информациите на Регионалните центри за управување со кризи во моментов низ земјава нема активни пожари.

## Изгаснат пожарот помеѓу селата Буковиќ, Ласкарци и Раовиќ

**ЦУК, 18.08.2019 - Од БППЗ на Град Скопје известуваат дека во текот на вчерачниот ден во 08:30 часот започнал пожар на отворен простор помеѓу селата Буковиќ, Ласкарци и Раовиќ. Со пожарот била зафатена ниска деградирана и мешана шума. За гаснење на пожарот во текот на денот интервенирале 3 ПП возила со 10 пожарникари како и едно возило со 4 вработени од Македонски Шуми и (ШС Караџица). Пожарот целосно е изгаснат во 23:30 часот.**

## Активни пожари на отворен простор 19.08.2019

**Скопски регион - Има активен пожар над населбата Пинтија со кој е зафатена сува трева и ниска деградирана шума. Во текот на вчерашниот ден интервинирале екипи на БППЗ на Град Скопје. Поради непристапноста на теренот, и големиот фронт на пожарот гаснењето е отежнато.. Од БППЗ утрово известуваат дека пожарот е ставен под контрола. Цела вечер е вршено контрола над истиот меѓутоа сеуште не е угаснат. Со гаснење на пожарот ќе се продолжи во текот на денешниот ден.**

**Струмички регион - Од ТППЕ Радовиш известуваат дека има активен пожар под планина Готен, кај с. Покрајчево, каде е опожарена нискостеблеста дабова шума, Пожарот е сеуште активен и во утринските часови екипите се упатени на терен во гаснењето на пожарот. Се интервенира со 10 пожарникари, 10 вработени од ШС Шик Јелак и 4 теренски возила.**

### Почесна артилериска стрелба по повод 18 Август- Денот на Армијата

Од Министерство за Одбрана, Генралштаб на Армијата известуваат дека по повод 18 Август- Денот на Армијата, во касарната Илинден на ден 17.08.2019 година во период од 15:00 до 18:00 часот, ќе се изврши пробна артилериска стрелба со истрел на 1 плутон од 6 артилериски орудија (Хаубица 105 мм). Во период од 19:00 до 19:30 часот, ќе се изврши почесна артилериска стрелба со истрел на 10 плутони од 6 артилериски орудија (Хаубица 105 мм).

## Состојба со пожарите на отворен простор до 08 ч. 20.08.2019

**Струмички регион - Од ТППЕ Радовиш известуваат дека пожарот во реонот на селата Покрајчево и Злеово е активен. Во текот на вчерашниот ден во гаснењето на пожарот учествуваа екипи на ТППЕ Радовиш и ШС „Плачковица“. Екипа на ШС Плачковица беше дежурна во текот на ноќта. На ден 20.08.2019 година од раните утрински часови во гаснење на пожарот се ангажирани ТППЕ Радовиш со 8 пожарникари и 2 ПП возила и ШС „Плачковица“ со 32 вработени и 4 теренски возила.**

**Од ТППЕ Валандаво известува дека пожарот во реонот на с.Грчиште каде горела нискостеблеста шума и сува трева е локализиран и под контрола. Во гаснењето на пожарот учествувале екипи на ТППЕ Валандово и ШС „Санџак“. На ден 20.08.2019 година од раните утрински часови за гаснење на пожарот се ангажирани ТППЕ Валандово со 3 пожарникари и 1 ПП возило и ШС „Санџак“ со 10 вработени и 2 теренски возила.**

**Штипски регион - Од ТППЕ Кочани известуваат дека во текот на вчерашниот ден нивни екипи од 14:40 часот, интервенираа за гаснење на запалена сува трева помеѓу селата Бање и Спанчево. Поради непристапниот терен пожарот не е изгаснат. Во текот на вечерните часови луѓето се повлечени од терен, а со гаснењето ќе се продолжи во текот на денешниот ден.**

## Состојба со пожарите на отворен простор до 08 часот 22.8.2019

**Струмички регион - Пожарот кој започна на ден 18.08.2019 година помеѓу селата Покрајчево и Злеово на м.в. Готен, општина Радовиш е сеуште активен. Во гаснењето на пожарот на ден 21.08.2019 година интервенирале 9 пожарникари со 2 ПП возила од ТППЕ Радовиш и 40 вработени со 5 возила од ШС Плачковица од Радовиш. Во гаснењето на пожарот во текот на денот интервенирале и 2 авиони на ДЗС. Денес планирано е да се продолжи со гаснењето на пожарот. На терен ќе излезе екипа од 40 вработени со 5 возила од ШС Плачковица од Радовиш.**

**Прилепски регион - На ден 21.08.2019 година, започнат е пожар над с.Плетвар, општина Прилеп. Гори сува трева при што е зафатена и 1 викенд куќа и плевна во која се наоѓале бали со сено. Во гаснењето на пожарот интервенираат од ТППЕ Прилеп. Исто така во текот на вчерашниот ден започнат е пожар на сува трева и шума во атар на с.Кокре, општина Прилеп. Во гаснењето на пожарот интервенираат од ТППЕ Прилеп.**

**Скопски регион - Пожарот која започна на ден 20.08.2019 година над с.Кондово утрово е ставен под контрола. Гори сува трева и мешана шума. Во гаснењето на пожарот интервенирале неколку возила и повеќе пожарникари. Во текот на ноќта е контролиран од екипа на БППЗ на Град Скопје. Со гаснењето ќе се продолжи во текот на денешниот ден.**

# СОСТОЈБА СО ПОЖАРИТЕ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР




## Состојба со пожарите на отворен простор до 13.30 часот 27.8.2019 година

**Струмички регион - Пожарот на планината Готен во реонот на селата Покрајчево и Злеово е активен и се шири на неколку места и во неколку правци. Во моментот на лице место се присутни: 60 лица од кој: пожарникари од ТППЕ-Радовиш и ТППЕ – Струмица и вработени лица од ПШС , „Плачковица„ - Радовиш. Во моментпот делуваат и двата авиони канадери од ДЗС.**

**Заради превземање на одредени мерки и активности за ставање под контрола на активниот пожар на планината Готен, ПО РЦУК Радовиш на ден 26.08.2019 година свика вонреден состанок на регионалниот штаб, со единствена точка на дневниот ред „Превземени мерки и активности како и изнаоѓање на решение и ставање под контрола на активниот пожар на планината Готен во опш.Радовиш“.**

**На состанокот беа присутни претставници од РЦУК Радовиш, ДЗС ПО Радовиш, ЕЛС Радовиш, ПС ОН Радовиш, ЈП „Национални шуми“ ПШС Плачковица Радовиш, ТППЕ Радовиш, МЗШВ ПЕ Радовиш, МО ОО Радовиш, ОО Црвен Крст Радовиш и ЈЗУ Здравствен дом Радовиш.**

**На состанокот донесени се следните заклучоци:**
**- Поголема координација помеѓу сите инволвирани учесници на терен за поефикасно дејствување и ставање на пожарот под контрола.**
**- Авионите за гасење пожар на ДЗС да бидат вклучени најрано што дозволуваат условите и нивното вклучување да биде до ставање на пожарот под контрола.**

**Велешки регион - Пожарот на Езеро Младост кој започна во 11,35 часот на 26.07.2019 година е ставен под контрола. Зафатена е површина од 300-400 ха трева, трње, ниско-стеблеста дабова шума, и висококвалитетен бор. Исто така овој пожар зафати дел од фарма „ БРЕЗЕВИ“, дел од вулканизер „ДИНЕ“, две викенд кукички и една напуштена штала. Поради изгорени десетина прагови пругата Велес - Кочани од вчера не е во функција. На лице место во моментов на пожарот има 50-60 лица кои гаснат опожарени трупци и тоа: ТППЕ Велес, ЈКП Дервен, ШС Бабуна, ДЗС, ШС Гевгелија, ШС Св. Николе, ШС Бор Кавадарци. А беа ангажирани беа 2 хеликоптери на Армијата за догасување на пожарот. Пожарот кај с. Ораовец синоќа е ставен под контрола, горела нискостеблста шума, смрека, трн и сува трева, а на терен има вработени од ШС Бабуна заради контрола пожарот повторно да не се активира.**

## Состојба со активни пожари на отворен пристор до 12:00 часот 30.8.2019

**Струмички регион - Пожарот на планината Готен над селата Покрајчево и Злеово е сеуште активен. Во гаснењето на пожарот учествуваат вработени од Национални шуми, ДЗС, пожарникари од ТППЕ Радовиш, а е испратен и армиски хеликоптер за гаснење на пожарот. Во близина на н.м.Миравци има активен пожар и гори нискостеблеста мешана шума. На терен се екипи на ТППЕ Гевгелија и вработени од ПШС „Кожуф“ Гевгелија.**




**Велешки регион - Пожарот кај с.Ораовец е ставен под контрола и изгаснат. ТППЕ Велес во текот на изминатата ноќ и денес со пожарникари превзема активности за контрола на опожарениот терен. Исто така на терен има и вработени од ШС „Бабуна“ и од ДЗС Велес.**

**Скопски регион - Активен шумски пожар на непристапен терен над с.Варвара во правец на с.Цветово.**

**Битолски регион - Пожарот кој започна на ден 28.08.2019 година во с.Брник, опш.Новаци е сеуште активен. Интервенираат вработени во ЈП „Национални Шуми Кајмакчалан“ Битола и лица од доброволното противпожарно друштво „Авакота“ Новаци. Во моментов пожарот се движи во три насоки - спрема с.Маково, с.Грумази и с.Брник. Теренот е претежно непристапен, а гори сува трева и нискостеблеста деградирана дабова и букова шума. Опожарена е површина од околу 90 Ха.**

**Тетовски регион - Пожарот кај с.Луковица е локализиран, на терен се вработени од националниот парк „Јасен“ за контрола на теренеот.**



## Прскање против комарци на подрачјето на град Скопје

**ЦУК, 02.07.2019 - Од град Скопје известуваат дека авионската дезинсекција на подрачјето на град Скопје, против возрасни форми на комарци, ќе се одвива на ден 03.07 и 04.07.2019 година, во раните утрински часови.**

**Терестичната дезинсекција, на подрачјето на Град Скопје, против возрасни форми на комарци, ќе започне на 03.07.2019 година и ќе заврши најдоцна до 06.07.2019 година, во периодот од 23:00 до 04:00 часот, наредниот ден.**

**Доколку временските услови не го дозволуваат вршењето на дезинсекцијата, авионската дезинсекција ќе се изврши првиот нареден ден, кога временските услови ќе бидат поволни, во истиот термин, а согласно на тоа ќе се извршува и терестичната дезинсекција. Се известуваат пчеларите навремено да ги преземат потребните мерки за заштита на пчелите.**

## Прскање против комарци на подрачјето на град Скопје на 11.07.2019

**ЦУК, 11.07.2019 - Од град Скопје известуваат дека на ден 11.07.2019 година, во раните утрински часови, на подрачјето на градот Скопје, ќе се изврши авионска дезинсекција против ларви од комарци. На истата дата, во текот на денот, ќе се изврши и терестична дезинсекција против ларви од комарци.**

**Доколку временските услови не го дозволуваат вршењето на дезинсекцијата, истата ќе се изврши првиот нареден ден, кога временските услови ќе бидат поволни, во истиот термин.**

## Прскање против комарци на територијата на општина Прилеп

**ЦУК, 13.07.2019 - Од ЦЈЗ Прилеп известуваат дека во период од 15/16/17. 07.2019 година во период од 05:00 до 11:00 часот на територијата на општина Прилеп, екипа од Центарот за јавно здравје Прилеп ќе ја спроведува втората фаза од ларвицидната теристичка (од замја) дезинсекција со цел уништување на ларвените форми на комарци. Со дезинсекцијата ќе бидат опфатени водени површини т.е. места каде има идеални услови за раст, развој и размножување на комарците.**

### Почувствуван земјотрес во југозападниот дел на Републиката

**ЦУК, 14.07.2019 - Од Сеизмолошка опсерваторија известуваат дека телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Северна Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на ден 14.07.2019 година регистрирале два земјотреса чии епицентри се наоѓаат на 220 km јужно од Скопје во соседна Грција и потекнуваат од епицентралното подрачје Козани.**
**Првиот земјотрес бил во 12:50 часот со Рихтерова магнитуда од 5.0 степени, а вториот бил во 12:59 часот со Рихтерова магнитуда од 4.0 степени.**

**Првиот е почувствуван и од населението на нашата Република, особено во југозападниот дел и тоа во Охрид, Струга, Битола и Ресен со интензитет IV степени според Европската макросеизмичка скала. Во Кичево и околината со интензитет од III-IV степени, а во Скопје и дел од источниот дел од Републиката со интензитет од III степени. Додека пак, вториот земјотрес беше почуствуван во Битола и околината со интензитет од III степени според истата скала.**

## Втора превентивна дезинсекција на територија на Кичево

**ЦУК, 30.07.2019 - Од ЕЛС Кичево известуваат дека на ден 22.07. и 23.07.2019 година, со почеток од 20:00 часот, до раните утрински часови, на територијата на општина Кичево ќе се спроведе втората фаза од превентивна систематска дезинсекција. Доколку не дозволат временските услови дезинсекцијата ќе се одложи за наредните денови.**

### Авионска и теристична дезинсекција на подрачјето на град Скопје

**ЦУК, 30.07.2019 - Од град Скопје известуваат дека Авионската дезинсекција на подрачјето на град Скопје, против возрасни форми на комарци, ќе се одвива во раните утрински часови на ден 31.07 и 01.08.2019 година.**

**Терестичната дезинсекција на подрачјето на град Скопје, против возрасни форми на комарци, ќе започне на ден 04.08.2019 година и ќе заврши најдоцна до 07.08.2019 година, во период од 23:00 до 04:00 часот, наредниот ден.**

**Доколку временските услови не го дозволуваат вршењето на дезинсекцијата, авионската дезинсекција ќе се изврши првиот нареден ден, кога временските услови ќе бидат поволни, во истиот термин, а согласно на тоа ќе се извршува и терестичната дезинсекција.**

## Теристичка дезинсекција на територијата на општина Штип

**ЦУК, 01.08.2019 - Од ЕЛС – Штип известуваат дека во текот на ден 01.08.2019 година во утринските часови (од 02:00 до 07:00 часот) ќе се спроведе теристичка дезинсекција за уништување на комарците на територијата на општина Штип. Ќе бидат опфатени зелените површини по течението на реките Брегалница и Отиња, како и сите канали за наводнување и застојни води во градот.**

## Почувствувани серија од земјотреси во Југозападниот дел од земјата

**ЦУК, 02.08.2019 -** Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Северна Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на ден 31.07.2019 година регистрира серија од земјотреси чии епицентри се наоѓаат на 150 km јужно од Скопје во соседна Албанија и потекнуваат од епицентралното подрачје Корча. Најсилниот земјотресот во 16:21 часот со локална Рихтерова магнитуда ML4.4, беше почувствуван од населението на нашата Република, особено во Охрид, Струга и Ресен со интензитет од III-IV степени според Европската макросеизмичка скала. Во Битола, Гевгелија и околината земјотресот беше почувствуван со интензитет од III степени.

## Теристична дезинсекција на подрачјето на град Скопје

**ЦУК, 02.08.2019 - Од град Скопје известуваат дека терестичната дезинсекција на подрачјето на град Скопје, против возрасни форми на комарци, ќе започне на ден 04.08.2019 година и ќе заврши најдоцна до 07.08.2019 година, во период од 23:00 до 04:00 часот, наредниот ден.**

**Доколку временските услови не го дозволуваат вршењето на дезинсекцијата, авионската дезинсекција ќе се изврши прviот нареден ден, кога временските услови ќе бидат поволни, во истиот термин, а согласно на тоа ќе се извршува и терестичната дезинсекција.**

## Теристична дезинсекција на подрачјата на Битола и Прилеп



**ЦУК, 06.08.2019 - Од Центарот за јавно здравје – Битола известуваат дека во периодот од 06.08.2019 до 12.08.2019 година, нивни екипи ќе ја спроведуваат ТРЕТАТА ФАЗА од теристичката (од земја) дезинсекција со цел уништување на комарците. Запрашувањето ќе се врши во периодот од 19:00 до 02:00 часот, со апаратура за УЛВ ладно запрашување поставена на пикап - возило. Со дезинсекцијата ќе бидат опфатени зелените површини на целото градско подрачје и периферијата на градот Битола.**

**Во деновите 07/08/09 и 10.08.2019 година во периодот од 22:00 до 05:00 часот на територијата на опш.Прилеп, ЦЈЗ ќе ја спроведува втората фаза од земја дезинсекција со цел уништување на комарци која ќе се изведува со УЛВ - апаратура за ладно замаглување поставена на пикап возило. Со дезинсекцијата ќе бидат опфатени сите урбани заедници во Прилеп и неговата периферија како и населените места Оревоец, Лениште, Селце, Лагово, Беровци, Галичани, Тополчани, Ерековци, Канатларци, Чепигово, Тројкрсти, Мало и Големо Коњари. Заради избегнување на евентуални несакани последици се информираат пчеларите да превземат превентивни мерки за заштита на пчелните семејства.**

## Теристична дезинсекција на територијата на Битола и Прилеп

**ЦУК, 10.08.2019 - Од Центарот за јавно здравје – Битола известуваат дека во периодот од 06.08.2019 до 12.08.2019 година, нивни екипи ќе ја спроведуваат ТРЕТАТА ФАЗА од теристичката (од земја) дезинсекција со цел уништување на комарците. Запрашувањето ќе се врши во периодот од 19:00 до 02:00 часот, со апаратура за УЛВ ладно запрашување поставена на пикап - возило. Со дезинсекцијата ќе бидат опфатени зелените површини на целото градско подрачје и периферијата на градот Битола.**

**Во деновите 07/08/09 и 10.08.2019 година во периодот од 22:00 до 05:00 часот на територијата на опш.Прилеп, ЦЈЗ ќе ја спроведува втората фаза од земја дезинсекција со цел уништување на комарци која ќе се изведува со УЛВ - апаратура за ладно замаглување поставена на пикап возило. Со дезинсекцијата ќе бидат опфатени сите урбани заедници во Прилеп и неговата периферија како и населените места Оревоец, Лениште, Селце, Лагово, Беровци, Галичани, Тополчани, Ерековци, Канатларци, Чепигово, Тројкрсти, Мало и Големо Коњари. Заради избегнување на евентуални несакани последици се информираат пчеларите да превземат превентивни мерки за заштита на пчелните семејства.**



**Билтен на Центарот за управување со кризи**
**(електронско издание)**

Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија
Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол
Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје

контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102
веб: www.cuk.gov.mk
e-mail. cuk.mail@cuk.gov.mk